# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ПРИЛЕП


| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 24 Јануари 2006 година<br>Службен гласник број 1<br>Овој примерок чини 200 ден.<br>Годишна претплата 2000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |
|---|---|---|

*Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454,* ***www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАПРИЛЕП ЗА 2006 ГОДИНА**

1. Буџетот на Општина Прилеп за 2006 година , се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 102/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.01.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа и ("Службен весник на Р.М."бр.5/2002) и член 43 од Статутот на ЕЛС Прилеп ("Службен гласник на ЕЛС Прилеп бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на ЕЛС Прилеп на седницата одржана на 20.01. 2006 година, донесе

***Б У Џ Е Т***
**на ЕЛС Прилеп за 2006 година**

1. **Општ дел**

**Член 1**

Буџетот на ЕЛС-Општина Прилеп за 2006 година се состои од :

| | |
|---|---|
| Вкупни приходи | 290.037.488.00 денари |
| и тоа: | |
| -Даночни приходи | 120.961.000.00 денари |
| -Неданочни приходи | 60.607.516.00 денари |
| -Трансфери и наменск и дотации | 108.468.972.00 денари |
| -Вкупни расходи | 290.037.488.00 денари |
| и тоа: | |
| 40-Плати,наменини и надоместоци за вработените | 56.042.032.00 денари |
| 41-Резерви и недифинирани расходи | 4.000.000.00 денари |
| 42-Стоки и услуги | 125.664.210.00 денари |
| 44-Тековни трансфери до ЕЛС | 3.898.246.00 денари |
| 46-Субвенции и трансфери | 14.306.000.00 денари |
| 47-Социјални бенефиции | 438.000.00 денари |
| 48-Капитални расходи | 85.709.000.00 денари |

**Член 2**

Приходите по извори и видови на приходи и расходите по основни намени утврдени во постојниот Биланс на приходите и расходите на ЕЛС -Општина Прилеп за 2006 година и тоа како што следува:

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен

гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2006 ГОДИНА**

1. Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2006 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 102/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.01.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на Р.М." бр.5/2002) и член 26, точка 4 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 ), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 20.01. 2006 година, донесе:

***О Д Л У К А***
**за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2006 година**

**Член 1**

Буџетот на Општина - Прилеп за 2006 година (во понатамошниот текст Буџет), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член3**

Износите на приходите наведени во Буџетот за 2006 година не се фиксно определени.

Промените во Буџетот треба да бидат во рамките на вкупниот износ на утврдените приходи.

Доколку во текот на годината планираните приходи, освен изворните приходи се остварат во поголем износ од планираниот истите ќе се прераспределат и ќе се користат во согласност со донесените измени и дополнувања на Буџетот за 2006 година донесени од страна на Советот на Општина Прилеп.

**Член 4**

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои не можат да се преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски мора да се предложи нов извор на средства или да се намалат другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Прераспределбата на планираните расходи во текот на фискалната година ја врши Советот на Општина Прилеп, во рамките на вкупно утврдениот лимит на приходите во буџетот.

Утврдените износи во Буџетот на корисникот може да бидат прераспоредени помеѓу расходни категории, поткатегории, ставки и потставки, со исклучок на расходните ставки и тоа: од други расходи во плати и од трансфери, капитални расходи и капитални трансфери во други расходи, освен прераспределбата меѓу капитални расходи и капитални трансфери.

**Член 6**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, и согласно закон.

- За државните службеници вредноста на бодот се утврдува на ниво од 40,10 денари.
- Вредноста на коефициентот за исплата на плати за вработените согласно одредбите на Законот за работни односи се утврдува во висина од 4390 денари.

**Член 7**

Надоместокот за превоз до и од работно место, по претходно дадена писмена изјава, се исплатува само за вработените чие место на живеење е оддалечено над 2,5км од работното место во висина на цената на јавниот превоз, но не повеќе од 900 денари.

На вработените на кои врз основа на официјално одобрение им е дозволено да користат службени возила за личен превоз до и од работното место не им следува надоместок за превоз.

**Член 8**

Надоместокот за храна во текот на еден месец (доколку исхраната не е организирана) изнесува 2.300 денари месечно.

**Член 9**

За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор или отсуство од работа по друг основ надоместокот за превоз и храна не се исплатуваат.

**Член 10**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита од елементарни непогоди, и други

случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

**Член 11**

Средствата за стоки и услуги потребни за вршење на редовните функции на корисниците на Буџетот се набавуваат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги се врши и со сметкопотврди, но само во ограничени поединечни износи во противвредност од **100 ЕУР** каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 12**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во програмите и потпрограмите:

-Програма А- Совет на Општина
Потпрограма-А0- Совет на Општина
- Програма Д0 - Градоначалник
Потпрограма Д0- Градоначалник
Програма Е - Општинска администрација
Потпрограма Е0- Општинска администрација
- Програма Ф -урбанистичко планирање и уредување на просторот
Потпрограма Ф0 -урбанистичко планирање
- Програма J - комунални дејности
Потпрограми: J3 - јавно осветлување
J6 - одржување и заштита на локални патишта и
улици и регулирање на режим на сообраќајот
J8 - други комунални услуги
JА - изградба на јавно осветлување
JД-изградба и реконструкција на локални патишта и улици
JГ-изградба на системи за водоснабдување
JИ- изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води.
-Програма К -Култура
Потпрограма К1 -Библиотекарство
-Програма М -Социјална заштита и заштита на деца
Потпрограма М1 -Детски градинки
М2 -Домови за стари лица
-Програма N -Образование
Потпрограма N1 -Основно образование
N2 -Средно образование
N3 -Превоз на ученици
-Програма W -Противпожарна заштита
програмаW0 -Противпожарна заштита.

**Член 13**

Буџетот на Општина Прилеп се извршува од 01.01.2006 до 31.12.2006 година.

**Член 14**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп", а ќе се применува од 01 Јануари 2006 година.

Број 07 - 85/3 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.01.2006 год. — на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п — Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2006 ГОДИНА**

1. Програмата за работа на Советот на Општина Прилеп за 2006 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 102/3 — ГРАДОНАЧАЛНИК
24.01.2006 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Марјан Ристески

Врз основа на член 29 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.Македонија" бр 5/2002), член 26 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп " бр.6/2003") и член 119 од Деловникот на Советот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп бр.11/2004"), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 20.01.2006 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
за работа на Советот на Општина Прилеп за 2006 година

**I. ОПШТ ДЕЛ**

Според надлежностите што се определени со Уставот на Р.Македонија, Законот за локалната самоуправа, Стаутот и Деловникот за работа на Советот на Општина Прилеп, Советот донесува Програма за работа за 2006 година.

Во Програмата се обележани основните рамки и насоки за работа на Советот во календарската 2006 година согласно со надлежностите кои се во ингеренции на Советот.

Програмата овозможува транспарентност во работата на Општината и е отворена за постојано проширување и дополнување согласно со укажувања на заинтересирани субјекти и поединци од Општината.

**II. ПОСЕБЕН ДЕЛ**

**II.1. Прво тримесечие - период ЈАНУАРИ - МАРТ 2006 година**

1. Донесување на Програма за работа на Советот на Општина Прилеп за 2006 година.

ИЗРАБОТУВА:Комисија за изготвување на Програмата за работа на Советот О Прилеп
ДОНЕСУВА: Совет на Општина Прилеп

2. Извештај за реализирање на Програмата за уредување на градежно земјиште во 2005 година

ИЗРАБОТУВА: Одделение за комунални работи
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
ДОНЕСУВА: Совет на Општина Прилеп

3. Извештај за реализирање на програмата за изградба , одржување и заштита на локални патишта во 2005 година.

4. Информација за поставување и користење рекламни паноа и билборди.

5. Предлог - План за градски превоз, со мрежа на линии на град Прилеп.

ИЗРАБОТУВА: Одделение за локални пат. и улици
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина

9. Извештај за реализација на Програмата за одржување јавната чистота, паркови и зеленило и гробишта за 2005 година.

10.Извештај за реализација на Програмата за одржување и реконструкција на пазарите за 2005 година.

11.Програма за работа на ЈКП "Водовод и канализација" во одржување и реконструкција на локалната водоводна и канализациона мрежа за 2006 година.

12. Програма за работа на ЈКП "Комуналец" во одржување на јавната чистота, паркови и зеленило и гробишта за 2006 година.

13. Програма за работа на ЈП "Пазари" во одржување и реконструкција на пазарите за 2006 година.

- Информација за реализација на Грантот од KFW банката.

14. Завршна сметка за финансиското работење на ЈКП "Комуналец" Прилеп за 2005 година.

15. Завршна сметка за финансиското работење на ЈКП "Водовод и канализација" Прилеп за 2005 година.

16. Завршна сметка за финансиското работење на ЈКП "Пазари" Прилеп за 2005 г.

17. Финансиска програма на ЈКП„КОМУНАЛЕЦ„ Прилеп за 2006 год

18. Финансиска програма на ЈКП„Водовод и канализација" Прилеп за 2006 година.

19. Финансиска програма на ЈКП "Пазари-Прилеп за 2006 година.

ИЗРАБОТУВА: ЈКП "Водовод и каналаизација"
РАЗГЛЕДУВА: УО на ЈКП "Водовод и каналаизација"
УО на ЈКП "Комуналец" и
УО на ЈКП "Пазари"
ДОНЕСУВА: Совет на Општина Приеп

20. Програми за работа на Јавното радиодифузно претпријатие на локално ниво „ Радио и телевизија„ Прилеп за 2006 година.

21. Финансиски програми на Јавното радиодифузно претпријатие на локално ниво „ Радио и телевизија„ Прилеп за 2006 год.

22. Завршна сметка за финансиското работење на Јавното радиодифузно претпријатие на локално ниво „ Радио и телевизија„ Прилеп за 2005 година.

23. Извештај за работата на Јавното радиодифузно претпријатие на локално ниво „ Радио и телевизија - Прилеп за 2005година.

ИЗРАБОТУВА: ЈРДП на локално ниво
РАЗГЛЕДУВА: УО и Одборот за контрола на материјалното и финансиското работење на ЈРДП - Прилеп
УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп

24.Завршна сметка на Буџетот на Општина Прилеп за 2005 година.

ИЗРАБОТУВА: Сектор за финансии и фуџет
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за финансии и Буџет
ДОНЕСУВА: Совет на Општина Прилеп

25. Информација на ЈКП Комуналец Прилеп за изградба на објектот Капела на градските гробишта и придружен објект трпезарија;

26. Информација за состојбата со дивите депонии.

27. Информација за состојбите со кучињата-скитници, чавките и другите штетници во градот.

ИЗРАБОТУВА: ЈКП "Комуналец"- Прилеп
РАЗГЛЕДУВА:Советот на Општина Прилеп

28. Одлука за продолжување на важноста на урбанистичките планови.

29. Програма за јавна кампања за чист и зелен Прилеп.

30.Информација за состојбата, локацијата и одржувањето на културно-историските споменици и градбеното наследство на подрачјето на Општина Прилеп .

- Евиденција на спомениците и спомен-обележјата во нашата општина и изработка на проекти за изградба на нови споменици и спомен одбележувања.

ИЗРАБОТУВА: Сектор за урбанизам, комунални работи и животна средина и Одделение за општествени работи

РАЗГЛЕДУВА: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина и Комисија за одбележување на значални настани, личности и празници
ДОНЕСУВА:Советот на Општина Прилеп

31.Програма за одбележување на верскиот празник „Прочка" и учество во манифестацијата „Собири на карневалски градови".

ИЗРАБОТУВА: Комисија за општествени дејности и Комисија за одбележување на значални настани, личности и празници
НОСИТЕЛ: Совет на Општина Прилеп и Комисијата за општествени дејности

32. Колективен договор на ниво на работодавец на вработените во Општинската администрација.

ИЗРАБОТУВА: Основна организација на сндикалната администрација
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за Статут и прописи и Комисија за финансии и Буџет
ДОНЕСУВА: Совет на Општина Прилеп

33. Одлука за формирање на Слободна економска зона.

ИЗРАБОТУВА: Одделение за економски развој и прекугранична соработка
РАЗГЛЕДУВА: Статутарно-правна комисија
ДОНЕСУВА: Совет на Општина Прилеп

34. Постојано следење на проблемот со водоснабдувањето на Општина Прилеп.
35. Програма за работа на Советот на потрошувачите.
ИЗРАБОТУВА: Советот за заштита на потрошувачите
РАЗГЛЕДУВА: Советот на Општина Прилеп
ДОНЕСУВА : Совет на општина Прилеп
36. Информација за состојбата со просторот за паркирање и начинот на неговото користење.
37. Информација за архитектонските бариери и лицата со посебни потреби.
38. Информација за општествено-политичката и безбедносната состојба во Општина Прилеп.
39. Програма за одбележување на значајни празници, настани и личности.
40. Информација за состојбата со имињата на улиците, плоштадите, мостовите и други објекти во Општина Прилеп.

**II.2. Второ тримесечие - период АПРИЛ - ЈУНИ 2006 година**

1. Информација за работата на ЈУ Дом за стари лица "Киро Крстески - Платник" - Прилеп.

ИЗРАБОТУВА: ЈУ ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за Општествени дејности
УСВОЈУВА: Совет на Општина Прилеп.

2. Усвојување на Правилник за условите за привремено отстапување на делови од јавни сообраќајни и други простории на користење на одделни субјекти кои имаат потреба од тоа;

3. Усвојување на Правилник за поставување на урбана опрема;

4. Донесување на Одлука за утврдување на услови и режим на сообраќај во централното градско подрачје.

5. Донесување на Одлука за регулирање на начинот и условите за сите видови рекламирања и огласувања на јавни простории со посебен правилник.

НОСИТЕЛ: Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина.
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина и Комисија за општествени дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општина Прилеп.

6. Разгледување и усвојување на проекти и програми од еколошко и друго значење за Општината во соработка со невладините организации.

7. Разгледување и усвојување на нормативи и стандарди за уредување и одржување на пешачките површини во градот.

НОСИТЕЛ: Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина.
РАЗГЛЕДУВА: Одборот за урбанизам и заштита на животната средина,
ДОНЕСУВА: Советот на Општина Прилеп.

8. Информации за реализација на проектите кои се реализирани со средства од донации.

ИЗРАБОТУВА: Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина и Комисија за општествени дејности.
УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп.

9. Информација за статусот на објектите изградени од самопридонес на граѓаните и активности за враќање во надлежност на Општина Прилеп.

ИЗРАБОТУВА: Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина и Сектор за правни, општествени и општи работи.
УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп.

10. Информација за одржувањето на театарските игри Војдан Чернодрински, вклучување на локалната самоуправа во организацијата.

ИЗРАБОТУВА: ЈУ "Војдан Чернодрински"-Прилеп
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за општествени дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп.

11. Информација за состојбите со бруцелозата и птичјиот грип и предлог мерки за спречување на ширење во Општина Прилеп.

12. Разгледување на Информацијата за социјалниот статус на населението во град Прилеп.

ИЗРАБОТУВА: Комисија за општествени дејности во соработка со Биро за вработување и Центар за социјални грижи
РАЗГЛЕДУВА: Совет на Општина Прилеп
УСВОЈУВА: Совет на Општина Прилеп

13. Одлука за донесување на Грб и знаме на Општина Прилеп

ИЗРАБОТУВА: Комисија за грб и знаме
НОСИТЕЛ: Совет на Општина Прилеп
УСВОЈУВА: Совет на Општина Прилеп.

14. Извештај за комуналното уредување на Општина Прилеп за првото полугодие од 2006 година.

ИЗРАБОТУВА: Одделение за комунални работи
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
УСВОЈУВА: Совет на Општина Прилеп

15. Информација за состојбата со гробиштата во Општина Прилеп.

ИЗРАБОТУВА: ЈКП„Комуналец„ Прилеп и Комисија за изготвување на оваа Информација
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
УСВОЈУВА : Совет на Општина Прилеп.

16. Информација за состојбата на спортските терени и објекти со предлог на мерки.

ИЗРАБОТУВА: Комисија за општествени дејности во соработка со:Агенција за млади и спорт и ЈП за стопанисување со спортски објекти
УСВОЈУВА : Совет на Општина Прилеп

17. Информација за целокупниот имот на општина Прилеп.

ИЗРАБОТУВА:Општинска администрација
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за фин. и буџет
УСВОЈУВА : Совет на Општина Прилеп.

18. Програма за развој на Општина Прилеп во наредниот 5 годишен период.

9. Програма за спроведување на децентрализацијата и реформите во Локалната самоуправа.

20. Извештај за работата на Советот за заштита на потрошувачите за 2005 година.

ИЗРАБОТУВА: Совет за заш.на потрошув.
РАЗГЛЕДУВА: Совет за заш. на потрошув.
УСВОЈУВА: Совет на Општина Прилеп

21. Информација за состојбата на спортот и физичката култура во Општина Прилеп.

ИЗРАБОТУВА: Сојуз на спортови
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за општествени дејности
УСВОЈУВА: Совет на Општина Прилеп.

22. Информација за состојбата во културата и библиотечната дејност.

23. Разгледување и усвојување на научно-истражувачки проекти во Општина Прилеп.

24. Информација за статусот на објектите што се презземаат од АРМ (Гарнизонот "Мирче Ацев" и Домот на АРМ).

25. Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Прилеп за првото тримесечие во 2006 година.

**II.3. Трето тримесечие - период ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2006 година**

1. Донесување, изменување и дополнување на урбанистичките планови во Општина Прилеп во текот на 2006 година. Реализацијата ке биди во текот на целата година, согласно постапките на нивно донесување.
НОСИТЕЛ: Ссектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
ДОНЕСУВА: Советот на Општина Прилеп.

2. Информација за состојбата на програмата за просторно планирање и физибилити студијата за одредени локалитети на Општина Прилеп за 2005 година.
НОСИТЕЛ: Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина.
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
ДОНЕСУВА: Советот на Општина Прилеп

3. Покренување на акција за спроведување на дератизација врз основа на детална анализа на инфраструктурата.

4. Покренување на иницијатива за формирање на Комитет за заштита и здравје при работа.
ПРЕДЛАГАЧ: Завод за здравствена заштита, Комисија за опшествени дејности во соработка со трудова, санитарна инспекција, Синдикат, Стопанска комора
НОСИТЕЛ: Советот на Општина Прилеп

5. Програма за прославување на 11 Октомври.
ИЗРАБОТУВА: Комисија за одбележување на значални настани,
личности и празници во соработка со Сојузот на борците
РАЗГЛЕДУВА: Советот на Општина Прилеп
УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп

6. Информација за состојбата со оџаците и предлог мерки за заштита од пожари.
ИЗРАБОТУВА : У.В.Р. - Против пожарна бригада Прилеп
УСВОЈУВА : Совет на Општина Прилеп

7. Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Прилеп за второто тримесечие во 2006 година.

**II. 4. Четврто тримесечие - период ОКТОМВРИ - ДЕКЕМВРИ 2006 година**

1. Информација за наталитетот во град Прилеп и демографска анализа

2. Информација за почетокот на школската година, состојбите во предшколските установи и основните училишта.
ИЗРАБОТУВА:Комисија за општествени дејности
РАЗГЛЕДУВА: Советот на Општина Прилеп
УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп

3. Доделување на награди 3 Ноември.
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за одбележување на значални настани, личности и празници
УСВОЈУВА: Комисија за одбележување на значајни настани, личности и празници

4.Годишни Програми за работа на основните и средните училишта и Детските градинки во Општина Прилеп во учебната 2006/2007 година.
- Годишни извештаи за работата на основните и средните училишта и Детските градинки во Општина Прилеп во учебната 2005/2006 година.
ИЗРАБОТУВА: Надлежните установи
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за опшествени дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп

5. Програма за одржување на улиците во зимски услови во Општина Прилеп за 2006/2007.
ИЗРАБОТУВА: Одделение за локални патишта и улици
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
ДОНЕСУВА: Советот на Општина Прилеп

6. Програма за организиран дочек на 2006 година.
ИЗРАБОТУВА:Комисија за општествени дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општина Прилеп

7. Програма за работа на Советот на Општина Прилеп за 2007 година.
ИЗГОТВУВА:Комисија за изготвување на Предлог-програма
ДОНЕСУВА: Советот на Општина Прилеп

8. Буџет на Општина Прилеп за 2007 година.
ИЗРАБОТУВА: Сектор за финансирање и Буџет
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за финансии и буџет
ДОНЕСУВА: Советот на Општина Прилеп

9. Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Прилеп за третото тримесечие во 2006 година.

## III. НОРМАТИВЕН ДЕЛ

Со овој дел од програмата за работа на Советот на Општина Прилеп се обработува нормативната дејност на Советот што треба да се извршува во текот на 2006 година, која се сведува во донесување на нормативни акти за усогласување на постојните прописи во изминатиот период од страна на Советот врз основа на прописите што ќе бидат донесени во 2006 година.

## IV.ЗАВРШЕН ДЕЛ

Имајќи го во предвид големото значење за граѓаните на Општината, што го носи процесот на децентрализација, кој процес ќе се интензивира во оваа година, неопходна е постојана транспарентност и информираност за секој сегмент на децентрализацијата, односно пренесувањето на надлежностите од централната на локалната власт, со што ќе се унапреди процесот на демократијата во Општината, секој граѓанин во Општината ќе има можност да се запознае со правата, обврските и предностите што ги носи процесот на децентрализација, во поодделните сегменти на животот.

При разгледувањето на Буџетот за 2006 гдина и Завршната сметка за 2005 година да се даде поголема јавност

За извршување на Програмата се задолжуваат предлагачите, изготвувачите и сите останати учесници да се придржуваат на

роковите утврдени со програмата.

Во текот на 2006 година, Советот на Општина Прилеп ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат од тековното работење.

Извршувањето на Програмата ќе зависи од законските и финансиските услови.

Програмата да се проследи до Градоначалникот и да се објави во "Службен гласник на Општината Прилеп".

Број 07 - 85/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.01.2006 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА ЈКП "ВОДОВОД И КАНИЛАЗАЦИЈА" - ПРИЛЕП ЗА 2006 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Програмата за работа и развој на ЈКП "Водовод и канилазација" - Прилеп за 2006 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 102/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.01.2006 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 20.01.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Програмата за работа и развој на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп за 2006 година

1. Се усвојува Програмата за работа и развој на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп за 2006 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 85/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.01.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП " ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" - ПРИЛЕП ЗА 2006 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Финансискиот план за работењето на ЈКП " Водовод и канализација" - Прилеп за 2006 година , се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 102/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.01.2006 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 20.01.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Финансискиот план за работењето на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп за 2006 година

1. Се усвојува Финансискиот план за работењето на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп за 2006 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 85/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.01.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕНА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НАУПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈРП ЦПРТВ ПРИЛЕП**

1. Решението за изменување на Решението за именување членови на Управниот одбор на ЈРП

ЦПРТВ Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 102/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.01.2006 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 17 и 18 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96), член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 20.01.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување членови на Управниот одбор на ЈРП ЦПРТВ - Прилеп**

1. Со ова Решение се разрешуваат членовите на Управниот одбор на ЈРП ЦПРТВ - Прилеп, претставници на Советот на Општината Прилеп и претставниците на вработените именувани со Решение ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 9/2005 и 14/2005).

2. За членови на Управниот одбор на ЈРП ЦПРТВ - Прилеп, претставници на Советот на Општината, се именуваат:
- БОРЧЕ ШАБАНОСКИ,
- МИЛЕНКО ТОДЕСКИ,
- ЕЛИЦА ПАЦАНОСКА,
- СНЕЖАНА ЈОВАНОСКА,
- САШО АЦЕСКИ.

3. За членови на Управниот одбор на ЈРП ЦПРТВ - Прилеп, претставници на вработените, се именуваат:
- АНДРИЈАНА ПЕТРЕСКА и
- ДИМИТРИЈА ЈУРУКОВ.

4. Решението да се достави до именованите, ЈРП ЦПРТВ - Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 85/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.01.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНАТА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖНИОТ ИМОТ ПРИ ПРОМЕТОТ**

1. Решението за формирање Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот при прометот, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 102/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.01.2006 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на РМ" бр. 61/2004) и член 26 став 1 точка 39 и член 35 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласни на Општина Прилеп" бр.6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 20.01.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за формирање Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот при прометот

1. Се формира Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот при прометот, во состав:
- Јорданоски Никола, Управа за јавни приходи;
- Јованоски Марјан, Управа за јавни приходи; и
- Станкоска Ирена, Општина Прилеп.

2. Задача на Комисијата е да ја утврдува пазарната вредност на недвижниот имот при прометот, согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот ("Службен весник на РМ" бр. 50/2005) и Одлуката за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.17/2005).

3. Решението да се достави до именованите, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 85/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.01.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ НА ДЕТАЛНИОТ**

**УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УАЕ БРОЈ 15 - УРБАН БЛОК 15/1**

1. Одлуката за утврдување на Нацрт на Деталниот урбанистички план за дел од УАЕ број 15 - урбан блок 15/1, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 102/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.01.2006 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 20.01.2006, донесе:

**О Д Л У К А**
за утврдување Нацрт на Деталниот урбанистички план за дел од УАЕ бр.15 -урбан блок 15/1

чл.1
Се утврдува Нацрт на Деталниот урбанистички план за дел од УАЕ бр.15-урбан блок 15/1, како што е означено во графичките прилози кои се стоставен дел на оваа Одлука (во натамошниот текст: Планот).

Планот го опфаќа локалитетот со следните граници:од северозапад ул. "Пенка Котеска",од североисток ул."Борка Талески"од југоисток ул."Благоја Стојкоски", од југозапад ул."Пенка Котеска".

Чл.2
Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

-ДУП за дел од УАЕ бр.15 - урбан блок 15/1, - Нацрт План изработен од „Перкан Проект„ ДООЕЛ Прилеп:
-Текстуален дел:
. Планиран развој

-Графички прилози:
- синтезен приказ
.Архитектонско урбанистички параметри
- синтезен план
. сообраќаен и нивелационен план
. хидротехничка инфраструктура
. електрична инфраструктура
-Документациона основа:
. Текстуален дел
. Графички дел
. Извод од ГУП Прилеп
. Извод од постоечки ДУП
. Ажурирана геодетска подлога
. Документациона основа-валоризација на објекти
- Извештај од стручна ревизија на Нацрт Планот од октомври 2005г. изработен од АД за урбанизам,архитектура и инжињеринг "ЗУАС" – Скопје.
-Одговор на забелешките од стручната ревизија бр.07-89/1 од 27.10.2005г. изработен од „Перкан Проект„ ДООЕЛ - Прилеп.
-Стручно мислење бр.13-15953 од 05.12.2005г;- МТВ-Сектор за уредување на просторот-Скопје.

-Одговор по стручно мислење бр.07-109/1 од 30.12.2005г.-"Перкан Проект" ДООЕЛ Прилеп, со

вградени забелешки во Нацрт План –папка со технички бр.110/2005;

Чл.3
Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 85/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.01.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ ПО БЕЗБЕДНОСНАТА СОСТОЈБА ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Препораките по Безбедносната состојба во Општина Прилеп , се објавуваат во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 93/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
23.01.2006 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 13 и 14 од Законот за локалната самоуправа

("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 36 и 37 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 17.01.2006 година, расправајќи за Безбедносната состојба во Општина Прилеп, ги донесе следните:

**П Р Е П О Р А К И**

Советот на Општина Прилеп констатира дека безбедносната состојба во Прилеп е крајно нарушена и се потребни мерки за нејзино регулирање:

1. Советот на Општина Прилеп предлага политичките партии од Општина Прилеп да ги задолжат своите пратеници во Собранието на Република Македонија да интервенираат амандмански при донесувањето на Законот за внатрешни работи во насока на задржување на статусот на УВР Прилеп како Регионална управа за внатрешни работи за општините: Прилеп, Крушево, Долнени и Житоше.

2. Му се препорачува на Координативното тело на МВР - УВР - Прилеп да преземе мерки за нормализирање на безбедносната состојба во градот.

3. Доколку се утврди вмешаност на структури на МВР во нарушувањето на безбедносната состојба во Прилеп, му се препорачува на Координативно тело на МВР - УВР - Прилеп да превземат санкции према истите.

4. Му се препорачува на Координативното тело на МВР - УВР - Прилеп во рамките на истрагата да не ги поистоветува сите припрадници на МВР од редот на лавовите со оние припадници на лавовите, кои имаат криминално досие.

5. Препораките да се достават до Министерот за внатрешни работи, Координативно тело на МВР - УВР - Прилеп, пратениците од Општина Прилеп, политичките партии, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

Број 07 - 64/2 ПРЕТСЕДАТЕЛ
17.01.2006 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

За организирање на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт Детални и Урбанистички планови

Чл.1

Се организира јавна презентација и јавна анкета по утврдените Нацрт Детални и Урбанистички планови и тоа:

-Нацрт План за ДУП за УАЕ бр.20, урбан блок 20/4,урбан модул 1;

-Нацрт План за ДУП за УАЕ бр.19,урбан блок 19/3, урбан модул 1;

-Нацрт План за ДУП за УАЕ бр.2, урбан блок 2/3, урбан модул 1;

-Нацрт План за ДУП за УАЕ бр.16, урбан блок 16/2, урбан модул 1;

-Нацрт План за ДУП за УАЕ бр.6, урбан блок 6, урбан модул 1;

-Нацрт План за ДУП за УАЕ бр.1, урбан блок 1/3, урбан модул 2;

-Нацрт План за ДУП за УАЕ бр.8, урбан блок 8/1, урбан модул 4;

-Нацрт План за ДУП за УАЕ бр.9, урбан блок 9/2, кварт 3;

Чл.2

Јавната анкета по овие Нацрт Детални Урбанистички планови, трае најмалку 15 работни дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да достават забелешки, предлози и мислења на анкетни ливчиња.

Времето и местото каде ќе бидат изложени плановите дополнително ќе биде објавено со соопштение во јавните гласила.

Јавната презентација е стручно презентирање на плановите и ќе се организира во истиот период и простории каде ќе бидат изложени Нацрт Деталните Урбанистички планови.

Чл.3

За организирањето на јавната презенатација и јавната анкета по овие Нацрт

Детални урбанистички планови ќе се издаде соопштение во јавните гласила.

Број 24-427/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
20.12.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

## АКТИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање,("Сл.весник на РМ"бр.51/05) и чл.50 од Законот за локална самоуправа(вСл.весник на РМгбр.5/02),а во врска со дописот од МТВ-бр.13-10090 од 18.07.2005 г.,градоначалникот на општина Прилеп донесе:

**О Д Л У К А**

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05)и чл.50 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) а во врска со дописот од МТВ- Скопје бр.13-10090 од 18.07.2005г.Градоначалникот на општина Прилеп, донесе:

**О Д Л У К А**

за организирање јавна презентација и јавна анкета по Нацрт на ДУП за УАЕ бр.8, урбан блок 8/1 урбан модул 1 и 3 и урбан блок 8/2 урбан модул 1

Чл.1

Се организира јавна презентација и јавна анкета на Нацрт Планот за ДУП за УАЕ бр.8, урбан блок 8/1, урбан модул 1 и 3 и урбан блок 8/2 урбан

модул 1 со следните граници: од исто улици "Киро Нацески Фетак", "Ило Попадинец", "Борка

Стеваноски", "Андон Слабејко", "Димо Наредникот" на југ средина на речното корито на река Оревоечка, на запад улици "Андон Слабејко", "Александар Спиркоски Џемо" и средина на железничка пруга, ул "Ленин" и на север ул."Бидимаж"

Чл.2

Јавната анкета по овој Нацрт детален урбанистички план трае 15 работни дена во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со Планот можат да достават забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Јавната презентација на планот, ќе се организира во деновите кои ќе бидат дефинирани во посебно соопштение.

Чл.3

За организирање на јавната презентација и јавната анкета по овој Нацрт Детален Урбанистички план ќе се издаде соопштение во јавните гласила.

Број 09-9/1
09.01.2006 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

## С О Д Р Ж И Н А

на "Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 1 од 24.01.2006 година

1. Буџет на Општина Прилеп за 2006 година. ........................................**Стр.1**

- Одлука за извршување на Буџетот на општина Прилеп за 2006 година.......................................................................................................................**Стр.75**

2. Програма за работа на Советот на Општина Прилеп за 2006 година. ........................................................................................................................**Стр.76**

3. Решение за усвојување на Програмата за работа и развој на ЈКП " Водовод и Канализација" - Прилеп за 2006 година. .........................................**Стр.80**

4. Решение за усвојување на Финансискиот план за работењето на ЈКП " Водовод и Канализација" - Прилеп за 2006 година. .........................................**Стр.80**

5. Решение за изменување на Решението за именување членови на Управниот одбор на ЈРП ЦПРТВ Прилеп. .........................................................**Стр.81**

6. Решение за формирање Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот при прометот. ...................................................................**Стр.81**

7. Одлука за утврдување на Нацрт на Деталниот урбанистички план за дел од УАЕ број 15 - урбан блок 15/1. ..............................................................**Стр.82**

8. Препораки по безбедносната состојба во Општина Прилеп .......................**Стр.83**

### АКТИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1. Одлука за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт Детални и Урбанистички планови. ...................................................................**Стр.83**

2. Одлука за организирање јавна презентација и јавна анкета по Нацрт на ДУП за УАЕ бр.8, урбан блок 8/1 урбан модул 1 и 3 и урбан блок 8/2 урбан модул 1. ........................................................................................................................**Стр.84**

**Издава:** Општина Прилеп.

**Главен и одговорен уредник:** Марјан Ристески – Градоначалник на Општина Прилеп.

**Дизајн и компјутерска обработка:** Горица Чатлеска.

**Печати:** Одделение за правни и општи работи. Тираж: 50 примероци.